Национален оператор на пазар на електрична
енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје
Operator nacional i tregut të energjisë
elektrike MEMO SHPKNJP Shkup
Бр.-Nr. 09-4466/1
24.11 20 22 год.-viti

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 7 од Изјавата за основање на Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија- МЕМО ДООЕЛ Скопје -Пречистен текст- со арх. бр. 02-1458/5 од 20.04.2022 година (во понатамошниот текст: Изјавата), Управителот на ден, ја донесе следната:

# Методологија за пресметка на финансиско обезбедување за учество на пазарот на електрична енергија

## Член 1
## Општи одредби

1. Методологијата е утврдена од страна на Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје).

2. Со методологијата се уредува начинот на доставување, проверување, активирање, ослободување и враќање на финансиско обезбедување.

3. Оваа методологија се однесува на МЕМО ДООЕЛ Скопје и учесниците на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија.

4. Финансиско обезбедување опфаќа банкарска гаранција, депонирани парични средства на депозитарна сметка и меница.

## Член 2
## Пресметка на висината на финансиско обезбедување

1. Основ за пресметка на финансиското обезбедување е снабдувањето на учесникот на пазарот и процентот на учеството во енергијата која ја продава операторот на пазар на електрична енергија во месецот од претходната година каде процентот на учество на енергијата која ја продава операторот на пазар е највисок.
2. Операторот на пазарот на електрична енергија врз основа на испратени планови од учесникот на пазарот на електрична енергија и месечни прогнозирани износи за откупена електрична енергија произведена од повластени производители на електрична енергија кои користат повластена тарифа (во понатамошниот текст: ППЕЕПТ) ја пресметува висината на финансиското обезбедување.
3. МЕМО ДООЕЛ Скопје врз основа на реалното снабдување на учесникот на пазарот може да изврши корекција на финансиското обезбедување.
4. Минималната висина на финансиското обезбедување е во висина од два просечни месечни прогнозирани износи на откупена електрична енергија од ППЕЕПТ од страна на МЕМО ДООЕЛ Скопје.

5. Максималната висина на финансиското обезбедување е во висина од три просечни месечни прогнозирани износи на откупена електрична енергија од ППЕЕПТ од страна на МЕМО ДООЕЛ Скопје.

**Член 3**
**Промена на висината на финансиско обезбедување**

1. Почетен износ на финансиското обезбедување е два просечни месечни прогнозирани износи за откупената електрична енергија произведена ППЕЕПТ откупена од операторот на пазар на електрична енергија.
2. Доколку во период од два месеци учесникот на пазарот не ги подмирува навремено фактурите спрема МЕМО ДООЕЛ Скопје, операторот има право да го зголеми бројот на месечни прогнозирани износи за откупена електрична енергија произведена од ППЕЕПТ согласно договорот за учество на пазарот на електрична енергија.
3. Доколку учесникот на пазар редовно ги подмирува фактурите спрема МЕМО ДООЕЛ Скопје во период од 12 месеци, операторот има право да го намали бројот на месечни прогнозирани износи за откупена електрична енергија произведена од ППЕЕПТ согласно договорот за учество на пазарот на електрична енергија.
4. Доколку учесникот на пазар на електрична енергија ја зголеми испораката на електрична енергија за најмалку 10 проценти од претходно определената количина која била основица за пресметка на финансиското обезбедување, МЕМО ДООЕЛ Скопје ќе пресмета ново финансиско обезбедување.

**Член 4**
**Активирање на финансиско обезбедување**

1. Доколку се утврди дека се исполнети условите за активирање на финансиското обезбедување во најкус можен рок МЕМО ДООЕЛ Скопје започнува постапка за активирање на финансиското обезбедување.
2. По активирање на финансиското обезбедување учесникот на пазар е должен да достави ново финансиско обезбедување

**Член 5**
**Ослободување (враќање) на финансиско обезбедување**

1. Доколку се утврди дека се исполнети условите за целосно или делумно ослободување (враќање) на финансиското обезбедување на учесникот на пазар, МЕМО ДООЕЛ Скопје испраќа известување за целосно или делумно ослободување на гаранцијата до учесникот на пазарот на електрична енергија.

**А) БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

**Член 6**
**Достава на банкарска гаранција**

1. Секој учесник на пазарот на електрична енергија, кој одбрал банкарска гаранција како вид на финансиско обезбедување, задолжително доставува предлог текст на банкарска гаранција до МЕМО ДООЕЛ Скопје.
2. МЕМО ДООЕЛ Скопје врши усогласување на предложениот текст на банкарската гаранција и има право да наложи промени во понудениот текст.
3. Учесникот на пазар ја доставува банкарската гаранција во еден оригинален примерок издаден на меморандум од избраната банка.

4. Учесникот на пазар може да достави банкарска гаранција издадена преку шифрирана свифт порака.
5. Доколку Учесникот на пазар достави банкарска гаранција со текст кој не е усогласен со МЕМО ДООЕЛ Скопје истата може да не биде прифатена.
6. Банкарската гаранција може да биде доставена на македонски или англиски јазик.

**Член 7**
**Усогласување на банкарска гаранција**

1. МЕМО ДООЕЛ Скопје го разгледува доставениот предлог текст на банкарската гаранција и ги проверува следните услови:
   - Преамбула на гаранцијата,
   - Гарантна клаузула,
   - Клаузула за потврда на автентичност,
   - Клаузула за стапување во сила на гаранцијата,
   - Клаузула за времетраењето на гарантната обврска,
   - Одбитна (редукциска) клаузула,
   - Клаузула за надлежното законодавство,
   - Јазик на документите за барањето за плаќање според гаранцијата,
   - Форма на презентацијата на барањето за плаќање на корисникот,
   - Место на презентацијата на барањето за плаќање од страна на МЕМО ДООЕЛ Скопје,
   - Одредби за одговорната страна на плаќање провизии и трошоци на секоја банка и
   - Износ на банкарската гаранција.

**Б) ДЕПОЗИТ**

**Член 8**
**Депонирани финансиски средства (депозит)**

1. Секој учесник на пазарот на електрична енергија, кој одбрал депозит како вид на финансиско обезбедување, задолжително ја уплаќа утврдена сума финансиски средства на депозитарната сметка на МЕМО ДООЕЛ Скопје
2. МЕМО ДООЕЛ Скопје води одвоена евиденција за висините на депозитите за секој од учесниците на пазарот
3. Доколку учесникот на пазар не ги покрие своите побарувања, МЕМО ДООЕЛ Скопје ќе изврши наплата од депонираните финансиски средства.
4. Доколку учесникот на пазар сака да ги покрие своите побарувања со својот депозит, учесникот го известува МЕМО ДООЕЛ Скопје преку електронска пошта.

**В) МЕНИЦА**

**Член 9**
**Меница**

1. Учесникот на пазар кој одлучил како финансиско обезбедување да користи меница, потребно е до МЕМО ДООЕЛ Скопје да достави барање за финансиско обезбедување во форма на меница .
2. Доколку ОПЕЕ одлучи да го прифати барањето на учесникот на пазар МЕМО ДООЕЛ Скопје за користење на меница како финансиско обезбедување, со учесникот на пазар склучува АНЕКС на Договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија со кој се регулира начинот на кој учесникот на пазар на електрична енергија ќе достави меница, со која ќе се гарантира навремено и редовно плаќање на обврските произлезени од  Договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија.

3. Во Анексот на Договорот наведен е бараниот износ за финансиското покритие за период од една година. Износот на оваа меница го покрива надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија и надоместокот за откуп на електрична енергија од Операторот на пазар, произведена од ППЕЕ.

**Член 10**
**Клаузула на извршност на меницата**

1. Учесникот на пазарот со електрична енергија со потпишување на Договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија или Анексот ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од истиот и е согласен како обезбедување на договорот да издаде меница од 500 апоени врз основа на која МЕМО ДООЕЛ Скопје ќе може да спроведе присилно извршување заради наплата на доспеани, а неплатени побарувања во согласност со одредбите од Законот за извршување на РСМ како и да спроведе постапка за присилно извршување од сите денарски и девизни жиро сметки на учесникот на пазар на електрична енергија, како и од целокупниот движен и/или недвижен имот со кој располага.

**Член 11**
**Завршни одредби**

1. Оваа методологија влегува во сила со денот на неговото донесување и потпишувањето од страна на управителот на МЕМО ДООЕЛ Скопје.

*Изготвил: Горан Спасев*
*Проверил:Игор Димески*
*Одобрил: Зоран Ивановски*

**МЕМО ДООЕЛ-Скопје**
**Управител**
**Симон Шутиноски**